

**НАСТАП НА ЕСМА И ЛОЗАНО НА „ЕВРОВИЗИЈА 2013“ ВО МАЛМЕ, ШВЕДСКА**

**Евровизија е годишен музички натпревар што се одржува еднаш годишно.Секоја земја -учесничка доставува песна која ќе биде изведена во живо на телевизија, а потоа доделува гласови на песните на другите земји за да се одреди најпопуларната песна во конкуренцијата. Изборот се емитува од неговото воведување во 1956 година до денес, и е еден од најдолготрајните телевизиски програми во светот. Исто така Евровизија е и еден од најгледаните неспортски настани во светот, со бројка на гледаност помеѓу 100 и 600 милиони гледачи на**

**меѓународно ниво во последните неколку години**

Македонија за првпат учествуваше на Евровизија во 1998 година, кога претставник беше Владо Јаневски. Меѓутоа, честа да бидат претставници за 58. избор за песна на „Евровизија 2013“, што се одржа од 14 до 18 мај 2013 година во Малме, Шведска им припадна на реномираните имиња од македонската музичка сцена - Есма Реџепова–Теодосиевска и Влатко Лозаноски – Лозано.

Тие настапија  со песната „Пред да се раздени“ од Симеон Атанасов, Дарко Димитров, Лазар Цветковски и Магдалена Цветковска. Есма и Влатко Лозаноски беа избрани од Македонска радио-телевизија и ја имаа таа чест да ја претставуваат својата земја - Република Македонија, како земја-членка на „Евровизија“.

Изборот на песна за „Евровизија 2013“ има подолга историја. Имено, првата песна на Есма и Лозано беше композицијата со наслов „Опсесија“, која премиерно беше изведена на 27 февруари 2012 година на МРТ. Таа  е во етно поп-стил,  чиј автор е синот на Есма, Симеон Атанасов, а текстот го напиша Борче Нечовски.


МРТВ







**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**